Врз основа на член 22 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 15 точка 3 и 5 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.10/2005, 17/2008, 08/19, 14/20 и 19/20), Општина Битола објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

за учество во организација и реализација на културни и туристичко промотивни активности во пресрет на новогодишните празници и збогатување на понудата на јавни содржини во општина Битола по повод дочекот на **Новата 2026 година - Зимска приказна**

1. Целта на овој јавен повик е избор на субјекти кои ќе учествуваат во организација и реализација на културни активности во пресрет на новогодишните празници и збогатување на понудата на јавни содржини во општина Битола по повод дочекот на Новата 2026 година.

2. Право да аплицираат на јавниот повик имаат сите домашни правни и физички лица кои работат во областа на културата и културниот туризам, со достава на апликација и изјава за согласност (дадени во прилог на овој повик) потпишани со печат и скенирани електронски на е-маил адреса zimskaprikazna@bitola.gov.mk или во архива на Општина Битола шалтер бр.3 ( работно време од 7:30 до 15:30 ч)

3. Изборот на настаните ќе го изврши Комисија за селекција и евалуација формирана од Градоначалникот, задржувајќи го правото да направи распоред на настаните, врз основа на следните критериуми:

- *Претходно искуство во учество на настани од ист или сроден вид (проекти со континуитет)*
- *Квалитет, јасност, аргументираност и иновативност на предложените проекти;*
- *Професионално елаборирани проекти од домашни и странски уметници со детално наведена програма;*
- *Степен на влијание на проектот/настанот врз квалитетот на животот на локалната заедница со образложение за целната група кон која се ориентирани;*
- *Нови професионални методологии со акцент на задолжителни активности со експерти во рамките на предложените проекти;*
- *Прифаќање на млади автори со ветувачки капацитети и нови визии кои навестуваат понагласен творечки потенцијал;*

*- Професионална екипираност, капацитети и можности за реализација на настаните;*

*- Максимално искористување на вложените средства на проектите, прикажување на проектите на локации кои ќе го зголемат бројот на консументите;*

*- Кооперативност со други општествени сегменти (производство, образование, екологија...)*

*- Иновативни идеи со примена на можностите на современата технологија во функција на туристичка промоција*

Комисијата има право заради збогатување на програмата да ангажира и дополнителни изведувачи надвор од јавниот повик.

*Апликациите кои нема да бидат пополнете електронски ќе бидат одбиени.

* Секој апликат, физичко или правно лице има право да алицира само за еден настан/проект.

Одобрените финансиски средства на апликантот чиј проект/настан ќе биде одобрен, ќе бидат исплатени после реализацијата на проектот/настан со доставен наративен и финансиски извештај (даден во прилог на овој повик) најкасно до 15.02.2026.

4. Настаните ќе се реализираат во периодот **од 20.12.2025 до 31.12.2025 година**.

5. Подетални информации можат да се добијат на телефонскиот број 047-208-347.

6. Крајниот рок за доставување на апликациите е **27 ноември 2025 ( четврток) на е-маил до 23:59 часот или физички до 15:30 ч.**

Бр. 08 -1113/2

13.11.2025 год.

ОПШТИНА БИТОЛА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА БИТОЛА